Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 190/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 9.10.2018 година, донесе

# ОДЛУКА
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/900 на Советот од 25 јуни 2018 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивните мерки против Мјанмар/Бурма

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/900 на Советот од 25 јуни 2018 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивните мерки против Мјанмар/Бурма.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје;
- ембарго на опрема која може да се користи за внатрешна репресија;

### Член 3

Се определуваат Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за економија, Министерство за надворешни работи, Министерство за транспорт и врски и Министерство за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

### Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2018/900 на Советот од 25 јуни 2018 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивните мерки против Мјанмар/Бурма во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 5**

Рестриктивните мерки против Мјанмар/Бурма се воведуваат на неопределено време.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.44-8954/1
9 октомври 2018 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

д-р Кочо Анѓушев

# DECISIONS

## COUNCIL DECISION (CFSP) 2018/900

## of 25 June 2018

## amending Decision 2013/184/CFSP concerning restrictive measures against Myanmar/Burma

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 22 April 2013, the Council adopted Decision 2013/184/CFSP [1] concerning restrictive measures against Myanmar/Burma.

(2) On 26 February 2018, the Council adopted conclusions condemning the ongoing widespread, systematic grave human rights abuses committed by the Myanmar/Burma military and security forces. The conclusions called for proposals for targeted restrictive measures against senior military officers of the Myanmar Armed Forces (Tatmadaw).

(3) On 26 April 2018, the Council adopted Decision (CFSP) 2018/655 [2] which provides for a legal framework for targeted restrictive measures against certain natural persons from the Myanmar Armed Forces (Tatmadaw) and the Border Guard Police responsible for serious human rights violations, for obstructing the provision of humanitarian assistance to civilians in need and for obstructing the conduct of independent investigations into alleged serious human rights violations or abuses.

(4) In view of the situation in Myanmar/Burma and the responsibility for human rights violations committed by parts of the Myanmar Armed Forces (Tatmadaw) and the Border Guard Police, seven persons should be included in the list of natural and legal persons, entities and bodies subject to restrictive measures in the Annex to Decision 2013/184/CFSP.

(5) The Annex to Decision 2013/184/CFSP should be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

The Annex to Decision 2013/184/CFSP is amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Luxembourg, 25 June 2018.

*For the Council*

*The President*

F. MOGHERINI

---

[1] Council Decision 2013/184/CFSP of 22 April 2013 concerning restrictive measures against Myanmar/Burma and repealing Decision 2010/232/CFSP (OJ L 111, 23.4.2013, p. 75).

[2] Council Decision (CFSP) 2018/655 of 26 April 2018 amending Decision 2013/184/CFSP concerning restrictive measures against Myanmar/Burma (OJ L 108, 27.4.2018, p. 29).

*ANNEX*

The following persons are added to the list of natural and legal persons, entities and bodies set out in the Annex to Decision 2013/184/CFSP:

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Aung Kyaw Zaw | Date of birth: 20 August 1961<br>Passport No: DM000826<br>Date of issue: 22 November 2011<br>Date of expiry: 21 November 2021<br>National Identification Number: BC 17444 | Lieutenant General Aung Kyaw Zaw was the Commander of the Bureau of Special Operations No. 3 of the Myanmar Armed Forces (Tatmadaw) from August 2015 to the end of 2017. The Bureau of Special Operations No. 3 oversaw the Western Command and, in that context, Lieutenant General Aung Kyaw Zaw is responsible for the atrocities and serious human rights violations committed against Rohingya population in Rakhine State by the Western Command during that period. These include unlawful killings, sexual violence and systematic burning of Rohingya houses and buildings. | 25.6.2018 |
| 2. | Maung Maung Soe | Date of birth: March 1964<br>National Identification Number: Tatmadaw Kyee 19571 | Major General Maung Maung Soe was the Commander of the Western Command of the Myanmar Armed Forces (Tatmadaw) from October 2016 to 10 November 2017 and oversaw the military operations in Rakhine State. In that context, he is responsible for the atrocities and serious human rights violations committed against Rohingya population in Rakhine State by the Western Command during that period. These include unlawful killings, sexual violence and systematic burning of Rohingya houses and buildings. | 25.6.2018 |
| 3. | Than Oo | Date of birth: 12 October 1973<br>National Identification Number: BC 25723 | Brigadier General Than Oo is the Commander of the 99th Light Infantry Division of the Myanmar Armed Forces (Tatmadaw). In that context, he is responsible for the atrocities and serious human rights violations committed against Rohingya population in Rakhine State in the second half of 2017 by the 99th Light Infantry Division. These include unlawful killings, sexual violence and systematic burning of Rohingya houses and buildings. | 25.6.2018 |
| 4. | Aung Aung | National Identification Number: BC 23750 | Brigadier General Aung Aung is the Commander of the 33rd Light Infantry Division of the Myanmar Armed Forces (Tatmadaw). In that context, he is responsible for the atrocities and serious human rights violations committed against Rohingya population in Rakhine State in the second half of 2017 by the 33rd Light Infantry Division. These include unlawful killings, sexual violence and systematic burning of Rohingya houses and buildings. | 25.6.2018 |
| 5. | Khin Maung Soe | | Major General Khin Maung Soe is the Commander of the 15th Light Infantry Division of the Myanmar Armed Forces (Tatmadaw), under which Infantry Battalion No. 564. In that context, he is responsible for the atrocities and serious human rights violations committed against Rohingya population in Rakhine State in the second half of 2017 by the 15th Light Infantry Division, in particular by Infantry Battalion No. 564. These include unlawful killings, sexual violence and systematic burning of Rohingya houses and buildings. | 25.6.2018 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Thura San Lwin | Date of birth: 1957 | Brigadier General Thura San Lwin was the Commander of the Border Guard Police from October 2016 until early October 2017. In that context, he is responsible for the atrocities and serious human rights violations committed against Rohingya population in Rakhine State by the Border Guard Police during that period. These include unlawful killings and systematic burning of Rohingya houses and buildings. | 25.6.2018 |
| 7. | Thant Zin Oo | | Thant Zin Oo is the Commander of the 8th Security Police Battalion. In that context, he is responsible for the atrocities and serious human rights violations committed against Rohingya population in Rakhine State in the second half of 2017 by the 8th Security Police Battalion. The serious human rights violations include unlawful killings and systematic burning of Rohingya houses and buildings. Those violations were conducted in conjunction with and in direct support of the 33rd Light Infantry Division of the Myanmar Armed Forces (Tatmadaw) led by Brigadier General Aung Aung. Thant Zin Oo is therefore associated with listed person, Brigadier General Aung Aung. | 25.6.2018' |

ОДЛУКИ

# ОДЛУКА (ЗНБП) 2018/900 НА СОВЕТОТ

**од 25 јуни 2018 година**

**за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки против Мјанмар/Бурма**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европска Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 22 април 2013 година, Советот ја донесе Одлуката 2013/184/ЗНБП ([1]) за рестриктивни мерки против Мјанмар/Бурма.

(2) На 26 февруари 2018 година, Советот донесе заклучоци со кои се осудуваат тековните широкораспространети, систематски тешки злоупотреби на човековите права кои ги извршуваат војската и безбедносните сили на Мјанмар/Бурма. Со заклучоците се повикува на давање на предлози за целни рестриктивни мерки против високи воени лица на Вооружените сили на Мјанмар (Татмадав (Tatmadaw)).

(3) На 26 април 2018 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2018/655 ([2]) со која се предвидува законска рамка за целни рестриктивни мерки против одредени физички лица од Вооружените сили на Мјанмар (Татмадав (Tatmadaw)) и Граничната полиција кои се одговорни за сериозни прекршувања на човековите права, за спречување на давањето на хуманитарна помош на цивили на кои им е потребна и за спречување на спроведувањето на независни истраги за наводни сериозни прекршувања или злоупотреби на човековите права.

(4) Во однос на ситуацијата во Мјанмар/Бурма и одговорноста за прекршувањето на човековите права од страна на дел од Вооружените сили на Мјанмар (Татмадав (Tatmadaw)) и Граничната полиција, седум лица треба да се вклучат во списокот на физички и правни лица, субјекти и органи кои подлежат на рестриктивни мерки во анексот кон Одлуката 2013/184/ЗНБП.

(5) Анексот кон Одлуката 2013/184/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

Член 1

Анексот кон Одлуката 2013/184/ЗНБП се изменува како што е утврдено во анексот кон оваа одлука.

Член 2

---

[1] Одлука 2013/184/ЗНБП на Советот од 22 април 2013 година за рестриктивни мерки против Мјанмар/Бурма и за укинување на Одлуката 2010/232/ЗНБП (Сл. весник L 111, 23.4.2013 година, стр.75).

[2] Одлука на Советот (ЗНБП) 2018/655 од 26 април 2018 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки против Мјанмар/Бурма (Сл. весник L 108, 27.4.2018 година, стр.29).

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во Службениот весник на Европската Унија.

Луксембург, 25 јуни 2018 година.

За Советот

Претседател

Ф. МОГЕРИНИ

АНЕКС

Следниве лица се додаваат во списокот на физички и правни лица, субјекти и органи утврден во анексот кон Одлуката 2013/184/ЗНБП:

| | „Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на внесување во список |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Аунг Киав Зав (Aung Kyaw Zaw) | Датум на раѓање: 20 август 1961<br>Број на пасош: DM000826<br>Датум на издавање: 22 ноември 2011 година<br>Датум на истекување на важноста: 21 ноември 2021 година<br>Национален број за идентификација: BC 17444 | Генерал-полковникот Аунг Киав Зав беше командир на Бирото за специјални операции бр. 3 на Вооружените сили на Мјанмар (Татмадав (Tatmadaw)) од август 2015 година до крајот на 2017 година. Бирото за специјални операции бр. 3 ја надгледуваше Западната команда и во тој контекст, генерал-полковник Аунг Киав Зав е одговорен за злосторствата и сериозните прекршувања на човековите права извршени против припадниците на заедницата Рохинѓа во државата Ракине од страна на Западната команда во текот на тој период. Ова вклучува незаконски убиства, сексуално насилство и систематско палење на куќите и зградите на припадниците на заедницата Рохинѓа. | 25.6.2018 година |
| 2. | Маунг Маунг Сое (Maung Maung Soe) | Датум на раѓање: Март 1964 година<br>Национален број за идентификација: Татмадав Киее (Tatmadaw Kyee) 19571 | Генерал-мајор Маунг Маунг Сое беше командир на Западната команда на Вооружените сили на Мјанмар (Татмадав (Tatmadaw)) од октомври 2016 година до 10 ноември 2017 година и ги надгледуваше воените операции во државата Ракине. Во тој контекст, тој е одговорен за злосторствата и сериозните прекршувања на човековите права извршени против припадниците на заедницата Рохинѓа во државата Ракине од страна на Западната команда во текот на тој период. Ова вклучува незаконски убиства, сексуално насилство и систематско палење на куќите и зградите на припадниците на заедницата Рохинѓа. | 25.6.2018 година |
| 3. | Тан Оо (Than Oo) | Датум на раѓање: 12 октомври 1973 година<br>Национален број за идентификација: BC 25723 | Генерал-бригадир Тан Оо е командир на 99. дивизија на лесната пешадија на Вооружените сили на Мјанмар (Татмадав (Tatmadaw)). Во тој контекст, тој е одговорен за злосторствата и сериозните прекршувања на човековите права извршени против припадниците на заедницата Рохинѓа во државата Ракине во втората половина од 2017 година од страна на 99. дивизија на лесната пешадија. Ова вклучува незаконски убиства, сексуално насилство и систематско палење на куќите и зградите на припадниците на заедницата Рохинѓа. | 25.6.2018 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Аунг Аунг (Aung Aung) | Национален број за идентификација: BC 23750 | Генерал-бригадир Аунг Аунг е командир на 33. дивизија на лесната пешадија на Вооружените сили на Мјанмар (Татмадав (Tatmadaw)). Во тој контекст, тој е одговорен за злосторствата и сериозните прекршувања на човековите права извршени против припадниците на заедницата Рохингја во државата Ракине во втората половина од 2017 година од страна на 33. дивизија на лесната пешадија. Ова вклучува незаконски убиства, сексуално насилство и систематско палење на куќите и зградите на припадниците на заедницата Рохингја. | 25.6.2018 година |
| 5. | Кин Маунг Сое (Khin Maung Soe) | | Генерал-мајор Кин Маунг Сое е командир на 15. дивизија на лесната пешадија на Вооружените сили на Мјанмар (Татмадав (Tatmadaw)), под нејзиниот Пешадиски баталјон бр. 564. Во тој контекст, тој е одговорен за злосторствата и сериозните прекршувања на човековите права извршени против припадниците на заедницата Рохингја во државата Ракине во втората половина од 2017 година од страна на 15. дивизија на лесната пешадија, особено од страна на Пешадискиот баталјон бр. 564. Ова вклучува незаконски убиства, сексуално насилство и систематско палење на куќите и зградите на припадниците на заедницата Рохингја. | 25.6.2018 година |
| 6. | Тура Сан Лвин (Thura San Lwin) | Датум на раѓање: 1957 година. | Генерал-бригадир Тура Сан Лвин беше командир на Граничната полиција од октомври 2016 година до почетокот на октомври 2017 година. Во тој контекст, тој е одговорен за злосторствата и сериозните прекршувања на човековите права извршени против припадниците на заедницата Рохингја во државата Ракине од страна на Граничната полиција во текот на тој период. Ова вклучува незаконски убиства и систематско палење на куќите и зградите на припадниците на заедницата Рохингја. | 25.6.2018 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | Тант Зин Оо (Thant Zin Oo) | | Тант Зин Оо е командир на 8. баталјон на безбедносната полиција. Во тој контекст, тој е одговорен за злосторствата и сериозните прекршувања на човековите права извршени против припадниците на заедницата Рохинѓа во државата Ракине во втората половина од 2017 година од страна на 8. баталјон на безбедносната полиција. Сериозните прекршувања на човековите права опфаќаат незаконски убиства и систематско палење на куќите и зградите на припадниците на заедницата Рохинѓа. Тие прекршувања се вршеа заедно со и со директна поддршка на 22. дивизија на лесната пешадија на Вооружените сили на Мјанмар (Татмадав (Tatmadaw)) водени од генерал-бригадир Аунг Аунг. Затоа, Тант Зин Оо се поврзува со лицето наведено во списокот, генерал-бригадир Аунг Аунг. | 25.6.2018“ |